Врз основа на член 17 од Законот за младинско учество и младински политики („Сл. весник на РСМ" бр. 10/20), Одлуката за давање согласност за распишување Јавен повик за формирање на Иницијативен одбор за конституирање на Локално Собрание на млади на Општина Велес (арх. бр. 25-841/12, од 29.01.2025 година), Јавниот повик за формирање Иницијативен одбор за конституирање Локално Собрание на млади на Општина Велес (арх. бр. 11-1222/2, од 19.02.2025 година) и Решението за формирање Иницијативен одбор за конституирање на Локално Собрание на млади на Општина Велес (арх. бр. 08-1222/12, од 05.03.2025 година), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес" бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21),

Иницијативниот одбор за конституирање на Локалното Собрание на млади на Општина Велес, распишува

## ЈАВЕН ПОВИК ЗА ЧЛЕНСТВО ВО ЛОКАЛНО СОБРАНИЕ НА МЛАДИ

Локалното Собрание на млади претставува тело кое е составено од по еден делегат/ка и еден/на заменик делегат/ка, предложени од страна на младинските организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други форми на младинско организирање и здружување.

Овој Јавен повик е отворен за сите младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други форми на младинско организирање и здружување, кои не мора да бидат регистрирани во Општина Велес, а кои ги исполнуваат следните **критериуми**:

- Да имаат активности на територијата на Општина Велес;
- Да се основани и активни најмалку една (1) година пред отворањето на овој Повик;
- Делегатот/ката и заменик делегатот/ката да се жители на Општина Велес и да се на возраст од 15 до 29 години.

Мандатот на членовите на Локалното Собрание на млади трае две (2) години со право на уште еден (1) избор.

За време на Конститутивната седница, од редовите на Локалното Собрание на млади се избира и изгласува трочлена Комисија, составена од членовите на Локалното Собрание на млади, која е одговорна за следење на целокупниот процес за изборот на членови на Локалниот Младински совет.

Членовите на Локалното Собрание на млади имаат **задача:**

- Да работат на спроведување на активностите на Собранието;
- Да учествуваат во подготовка на документи и
- Да изберат членови на Локалниот Младински совет (ЛМС).

Иницијативниот одбор ја спроведува постапката за избор на членови на Локалното Собрание на млади на Општина Велес, а работата на истото се координира и помага од страна на Службеникот за млади во Општина Велес.

Додека пак, конкретните цели, задачи и начин на работа на членовите на Локалното Собрание на млади се опишани и објаснети во Прирачникот за Локални Младински совети, донесен од страна на Агенцијата за млади и спорт.

**Задолжителни документи:**

1. Портфолио за работата на организацијата / здружението / формата на организирање и здружување;
2. Мотивациско писмо за учество во Локалното Собрание на млади, но не повеќе од една (1) страница;
3. Годишен Извештај за работата од претходната година со кој се потврдува дека организацијата / здружението / формата на организирање и здружување била активна изминатата година со активности спроведени *за* или *од* млади во Општина Велес;
4. Пријава со номинација на делегат/ка и заменик делегат/ка со контакт детали за истите;
5. Изјава за согласност за користење на лични податоци од номинираното лице;
6. Изјава за согласност од номинираното лице за прифаќање на номинацијата за делегат/ка и заменик делегат/ка на Локалното Собрание на млади.

**Рокот на пријавување** е седум (7) работни дена почнувајќи од понеделник, 17 март заклучно со вторник, 25 март 2025 година, сметајќи од денот на објавување на овој Повик.

**Начин на пријавување:** сите заинтересирани организации / здруженија / други форми на младинско организирање и здружување кои ги исполнуваат критериумите потребно е да ги достават Пријавите со горенаведените документи во еден (1) оригинален примерок, потпишан и заверен со печат и штембил од одговорното лице, во затворено плико, адресирани до Општина Велес, ул. „Панко Брашнаров" бр. 1, 1400 Велес, во архивата на Општина Велес, секој работен ден од 08:00 до 15:00 часот со назнака: *„До Општина Велес, За Јавниот повик за членство во Локално Собрание на млади при Општина Велес"*.

Пријавите ќе бидат разгледувани од страна на Иницијативниот одбор за формирање на Локалното Собрание на млади со цел избор на Локалниот Младински совет при Општина Велес.

Сите информации во врска со Повикот, како и за целиот процес на формирање на Локален младински совет, може да ги најдете на интернет страницата на Општина Велес (www.veles.gov.mk) во делот *„МЛАДИ"* (https://veles.gov.mk/mladi-2022/).

Број 11-1222/17
17. 03. 2025 година
Велес

Иницијативен одбор за конституирање на Локално Собрание на млади на Општина Велес

1. Ања Трајковска, Организација на жените на Општина Велес ________
2. Марко Ангелов, Фондација „Импакт Нет", Велес ________
3. Алекс Трајков, УМС на ВМРО-ДПМНЕ, Велес ________
4. Лилјана Андовска, Фондација за локален развој и демократија „Фокус", Велес ________
5. Кристијан Мартинов, СОУ „Гимназија Кочо Рацин", Велес ________